
ОПШТИНА
МОГИЛА
ВИСТИНСКИОТ
ИЗБОР
ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!
ВМРО-ДПМНЕ

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

## ОПШТИНА МОГИЛА



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сè што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нè враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек“. Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.

За Твоето место.

За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,

Христијан Мицкоски



Почитувани сограѓани,

Могила е наш заеднички дом. Во секое село, во секое маало и улица, постојат нашата историја, нашите семејства и нашата иднина. Како ваш сограѓанин, заедно ги делиме истите предизвици – потребата од подобра инфраструктура, почиста животна средина, современи училишта и повеќе можности за младите. Токму затоа се одлучив да понудам визија што е реална, но и амбициозна: Могила да биде современа и европска општина, која ќе работи за секој човек.

Верувам дека политиката на локално ниво мора да биде искрена, отворена и блиску до луѓето. Граѓаните не бараат чуда, туку решенија за секојдневните проблеми. Тие очекуваат улици без дупки, сигурна вода за пиење, уредени паркови и јавни простори, транспарентна општина што ќе им излезе во пресрет. Оваа програма е токму одговор на тие потреби – плод на разговори со жителите, на посети во секое село и на идеи што доаѓаат директно од граѓаните.

Мојата визија е општина што ќе вложува паралелно и во инфраструктура и во човечки капитал. Тоа значи: изградба и реконструкција на патишта, модернизација на водоводни и канализациски системи, уредување на јавни простори, но и инвестиции во образованието и младите. Учениците ќе имаат современи услови за настава, наставниците ќе добијат поддршка, а семејствата сигурност дека нивните деца растат во здрава и безбедна средина.

Особено внимание ќе посветиме на земјоделството, кое е срцето на Могила. Земјоделците мора да добијат реална поддршка: субвенции, подобра инфраструктура до нивите и пласман на производите. Со тоа ќе ја зајакнеме локалната економија и ќе создадеме услови младите да останат овде, наместо да ја бараат својата иднина надвор.

Могила ќе биде општина на спортот и на културата. Ќе изградиме нови игралишта, спортски сали и терени, ќе го оживееме спортскиот дух и ќе ја поддржиме кул-

турната традиција. Веруваме дека без култура и спорт нема здрава заедница.
Грижата за животната средина ќе биде еден од нашите највисоки приоритети. Модерната општина мора да биде чиста, зелена и енергетски ефикасна. Затоа ќе вложиме во зелени површини, систем за рециклирање и во енергетски решенија што ја штитат природата и ги намалуваат трошоците за домаќинствата.

Општината ќе биде сервис на граѓаните, а не извор на проблеми. Тоа значи поголема транспарентност, дигитализација на услугите, отворени податоци и јасна одговорност за секое донесено решение. Секој граѓанин ќе знае каде оди секој денар и ќе може директно да учествува со идеи и предлози.

Оваа програма не е список на желби, туку план за работа. Секој проект има јасна цел, реална изводливост и конкретен ефект врз секојдневието. Ние нема да ветуваме нешта што не можат да се реализираат. Ќе ветуваме само она што можеме да го исполниме – а тоа е чесност, посветеност и континуирана работа во интерес на граѓаните.

Драги сограѓани,

Могила може и ќе биде подобра. Заедно можеме да изградиме општина што ќе биде стабилна, европска по стандарди и човечка во односот кон секој човек. Нашата обврска е јасна: да ја направиме Могила општина со која сите ќе се гордееме.

Со почит,
Драганчо Саботковски

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Маргарита Груевска – Носител на листа
2. Александар Цветановски
3. Јулијана Кантаровска
4. Бојана Шемовска
5. Силвана Бендеровска
6. Трајан Петровски
7. Драган Неделковски
8. Рубинчо Ристевски
9. Ивана Милевска
10. Дарко Цветковски
11. Стефани Марковска



# ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

Општината е темелната институција во која секој граѓанин очекува сигурност, стабилност и квалитетен живот. Затоа приоритетите што ги поставуваме не се декларативни, туку насочени кон конкретни области каде што граѓаните секојдневно ги чувствуваат потребите и предизвиците.

## ПРОЕКТ: ИНДУСТРИСКА ЗОНА ПЕТИЛЕП – НОВИ РАБОТНИ МЕСТА

Целосно уредување и ставање во функција на индустриската зона „Петилеп" како центар за мали и средни претпријатија, со инфраструктурна поддршка и услови за нови инвестиции.

Очекуван ефект: отворање нови работни места, економски развој на Општината, задржување на младите.

**Рок:** 2028.

## ПРОЕКТ: СИГУРНО ВОДОСНАБДУВАЊЕ И КАНАЛИЗАЦИЈА

Изградба и реконструкција на водоводни и канализациски системи во сите населени места на Општината, со поставување нови резервоари и пречистителни системи.

Очекуван ефект: стабилна и чиста вода за пиење, подобри санитарни услови, заштита на јавното здравје.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СТАДИОНОТ „ДИМЧЕ САРАВАНОВ – МОГИЛЧЕТО"

Обнова и модернизација на спортскиот стадион со нова трибина, осветлување и помошни терени.

Очекуван ефект: создавање современ спортски центар, поттик за младите и развој на спортскиот дух во општината.

**Рок:** 2027.

## ПРОЕКТ: ДЕТСКИ ГРАДИНКИ И КАТЧИЊА

Адаптација на постојни простории во нови детски градинки во поголемите населени места и рекреативни катчиња во сите населени места.

Очекуван ефект: подобрени услови за семејствата, сигурна грижа и воспитување на децата, поголема поддршка за младите родители.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ЗЕЛЕНА И ЧИСТА МОГИЛА

Уредување на зелени површини, изградба на паркови и воведување систем за рециклирање и управување со отпад.

Очекуван ефект: почиста општина, поздрав живот, развиена еколошка свест.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПАЗАР И ПРЕРАБОТКА

Изградба на зелен пазар и поддршка за локална преработка на земјоделските производи.

Очекуван ефект: поголеми приходи за земјоделците, локален економски развој, директна корист за граѓаните.

**Рок:** 2027.

Приоритет на ВМРО-ДПМНЕ се ниските и рамни даноци. Општината нема да ги зголемува даноците, туку ќе ги зајакнува фискалните капацитети. Со поефикасна наплата на локалните даноци и такси ќе се обезбедат повеќе средства за проекти што директно ќе го подобрат животот. Наместо дополнителен товар за граѓаните, средствата ќе се насочуваат кон нови инвестиции.

- **Прво, ќе се вложува во инфраструктурата како основа на секојдневието**. Приоритет ќе бидат реконструкцијата на локалните улици, подобрувањето на тротоарите и јавните површини, поставување енергетски ефикасно улично осветлување и изградба на нови паркинг-простори.
- **Второ, општината ќе вложува во модерни и чисти јавни простори**. Ќе се уредуваат паркови, игралишта и спортски зони, а напуштените простори ќе се претвораат во рекреативни катчиња. Овие инвестиции не само што ќе ја подобрат естетиката на општината, туку ќе создадат и нови места за дружење, спорт и за култура.
- **Трето, голем приоритет ќе биде образованието и младите**. Сите училишта ќе се модернизираат со нова опрема, лаборатории и спортски повеќенаменски игралишта. Ќе се воведат програми за поддршка на ученици и студенти од социјално загрозени семејства, а наставниот кадар ќе добива постојана поддршка за професионален развој. Општината ќе создава услови младите да се чувствуваат ценети и да ја гледаат својата иднина овде.
- **Четврто, ќе се работи на заштита на животната средина**. Ќе се воведе систем за селекција и рециклирање на отпад, ќе се изградат центри за управување со отпад и ќе се модернизира канализациската и водоводната мрежа. Ќе се субвенционираат домаќинствата што ќе инвестираат во соларни панели. Општината ќе премине на 100 % ЛЕД-осветлување и ќе поттикнува циркуларна економија.

- **Петто, дигитализацијата ќе биде основен инструмент за модерна општина**. Ќе се развие е-општина со цел граѓаните да ги добиваат услугите побрзо и без непотребни чекања. Ќе се воспостави систем на отворени податоци за целосна транспарентност и платформи за активно учество на граѓаните во донесувањето одлуки.
- **Шесто, ќе се поттикнуваат спортот и културата како дел од идентитетот**. Ќе се реконструираат спортски терени и ќе се градат нови повеќенаменски игралишта во поголемите населени места, ќе се поддржуваат локалните спортски клубови и ќе се организираат редовни турнири. Во културната сфера ќе се поддржуваат локалните културни друштва, ќе се организираат фестивали, изложби и манифестации што ќе го збогатат животот на граѓаните и ќе го зајакнат културниот идентитет.
- **Седмо, во социјалната сфера, општината ќе отвори градинки и дневни центри за стари лица**. Преку вакви политики ќе се покаже дека е општината блиску до секој човек, особено до оние на кои им е потребна најголема поддршка.

Со овие приоритети ќе изградиме стабилна и развиена општина според европски стандарди, но и хумана според односот кон луѓето. Општина што не дели, туку обединува. Општина што гради иднина со дела, а не со зборови.

Нашата цел е јасна: да изградиме општина во која секој граѓанин ќе сака да остане, да живее и да ја гледа својата иднина. Општина што ќе биде симбол на ред и развој, но и на заедништво и човечност. Овие приоритети се нашиот договор со граѓаните – ветување дека општината нема да биде извор на проблеми, туку двигател на решенија и нови можности. Со тоа ја поставуваме основата за општина што ќе биде модерна, европска и достоинствена – општина во која луѓето ќе веруваат и со која ќе се гордеат.



# МОДЕРНА ОПШТИНСКА ИНФРАСТРУКТУРА

## ПРОЕКТ: АСФАЛТИРАЊЕ НА 60 УЛИЦИ ВО СИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА

Општината ќе спроведе континуирана санација и асфалтирање на локалните улици во сите населени места во текот на следните четири години. Ќе бидат опфатени Могила, Беранци, Долно Српци, Вашарејца, Лознани, Новоселани, Ивањевци, Трновци, Подино, Свето Тодори, Ношпал, Добрушево, Мусинци, Мојно, Дедебалци, Радобор, Чарлија, Трап, Будаково, Алинци, Путурус и Црничани.

Очекуван ефект: побезбедно и поудобно движење за сите граѓани, рамномерен развој на сите населени места.

**Рок:** 2029.

## ПРОЕКТ: ВОДОСНАБДУВАЊЕ ЗА 9 СЕЛА

Изградба на главен доводен цевковод долг 24 километри за снабдување со вода за девет села: Беранци, Долно Српци, Ивањевци, Свето Тодори, Подино, Трновци, Вашарејца, Новоселани и Лознани.

Очекуван ефект: сигурно и квалитетно водоснабдување за над 2 000 жители, намалени трошоци за одржување и подобрено јавно здравје.

**Рок:** 2026.

## ПРОЕКТ: ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО ДОБРУШЕВО, ИВАЊЕВЦИ, СРПЦИ И ВО БЕРАНЦИ

Изградба на нова канализациска мрежа во овие населени места, со современ систем за одведување на отпадните води.

Очекуван ефект: подобрена хигиена, заштита на животната средина и поквалитетен живот за жителите.

**Рок:** 2027.

## ПРОЕКТ: НОВА КАНАЛИЗАЦИЈА – ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Изработка на проектна документација за изградба на фекална канализациска мрежа во селата Ношпал, Трновци, Мусинци и Дедебалци.

Очекуван ефект: подготвеност за нови инфраструктурни зафати, поефикасно користење на буџетот и европските фондови.

**Рок:** 2026.

## ➤ ПРОЕКТ: АТМОСФЕРСКИ КАНАЛИ ВО СЕЛАТА

Изградба на атмосферски канали во Српци, Беранци и во Трновци, како и доизградба на атмосферската канализација во Трап и во Будаково. Дополнително, ќе се изгради бетонски отворен канал на улицата „Методиј Антонов Ченто".

Очекуван ефект: ефикасно одведување на атмосферските води, намалување на ризикот од поплави и оштетувања на инфраструктурата.

**Рок:** 2027.

## ➤ ПРОЕКТ: ИНДУСТРИСКА ЗОНА ПЕТИЛЕП

Капитален проект за инфраструктурно уредување на индустриската зона Петилеп со електрика, патна мрежа, фекална и атмосферска канализација. Проектната документација е комплетна.

Очекуван ефект: создавање услови за нови инвестиции, отворање работни места и долгорочен економски развој на општината.

**Рок:** 2028.

## ➤ ПРОЕКТ: УРЕДУВАЊЕ НА ВЛЕЗОТ ВО МОГИЛА

Партерно уредување на влезот во општината со зеленило, канделабри и дрворед, веднаш пред надвозникот.

Очекуван ефект: подобрен естетски изглед на Општината и создавање пријатна и урбана средина за жителите и посетителите.

**Рок:** 2026.

## ➤ ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА

Изградба и пробивање на локалниот пат Српци – Ивањевци и реконструкција со проширување на патот Радобор – Чарлија.

Очекуван ефект: подобрена сообраќајна поврзаност меѓу населените места, побрз транспорт и поддршка на земјоделството.

**Рок:** 2027.

## ➤ ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА ТРОТОАРИ

Изградба на тротоари во населените места по должина на регионалниот пат од Ношпал до Дедебалци и од Трновци до Ивањевци, како и во селата Трап и Будаково.

Очекуван ефект: зголемена безбедност за пешаците, подобрен пристап до јавните објекти и поурбан изглед на населените места.

**Рок:** 2027.

## ПРОЕКТ: ТАМПОНИРАЊЕ НА ПОЛСКИ ПАТИШТА

Санација и тампонирање на полските патишта со поставување пропусти и мовчиња во сите населени места секоја година.

Очекуван ефект: полесен пристап за земјоделците, побезбеден транспорт и поддршка на локалното земјоделство.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: РЕЛИГИОЗНА И КУЛТУРНА ИНФРАСТРУКТУРА

Уредување на паркинг-простор кај црквата „Св. Богородица“ во Мусинци, асфалтирање на улица и изградба на скали до црквата во Вашарејца, поддршка за изградба на црква во Алинци и реновирање на црковни простории и капели каде што има потреба.

Очекуван ефект: зачувување на духовното и културното наследство, подобрени услови за верските заедници и жителите.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ОБЈЕКТИ ЗА ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА

Реконструкција на објектите на месните заедници во Дедебалци, Трап, Лознани, Вашарејца, Трновци и во Ношпал; ставање во функција на старата општинска зграда во Добрушево; преадаптација на училишните згради во Мојно и Вашарејца.

Очекуван ефект: подобрени услови за функционирање на локалните заедници и јавните служби.

**Рок:** 2028.

## ПРОЕКТ: ЈАВНА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА СЕКОЈДНЕВИЕТО

Поставување на водопоилки за стока во Мојно, нови автобуски постојки во сите населени места, санација и изградба на селски чешми во Будаково и во Мојно.

Очекуван ефект: олеснето секојдневие за граѓаните и земјоделците, подобрени јавни услуги.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: УРБАНИ И РЕКРЕАТИВНИ ПРОСТОРИ

Уредување на кејот на реката Шемница со излетничко место, маси и клупи за одмор; уредување на речното корито во Ивањевци; изградба на пешачка патека до ОУ „Кочо Рацин“ во Ивањевци. Ќе се уредат и централните паркови и маалските катчиња со реквизити, нов парк во Добрушево со зона за фитнес и детско катче.

Очекуван ефект: повеќе можности за одмор, спорт и рекреација; подобрена урбана и природна средина.

**Рок:** 2028.

## ПРОЕКТ: БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ

Обележување на пешачки премини со современи материјали, подобрување на хоризонтална и вертикална сигнализација, поставување лежечки полицајци и светлосни обележувачи, особено во близина на училишта и големи раскрсници.

Очекуван ефект: зголемена безбедност за пешаците и за возилата, помалку сообраќајни несреќи.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: РЕГИОНАЛНА ПАТНА МРЕЖА – СИТЕ ПАТИШТА ВОДАТ ДО МОЈАТА ОПШТИНА

Општината во соработка со државата ќе инвестира во реконструкција и проширување на регионалните патишта што ја поврзуваат со соседните општини и градови. Ќе се воведе систем за редовно одржување и зимска служба за побезбедно движење.

Очекуван ефект: побрз транспорт на луѓе и стоки, подобрена поврзаност на локалните производители со пазарите, намалување на сообраќајни несреќи.

**Рок:** 2027.

## ПРОЕКТ: УРБАНА МОБИЛНОСТ ЗА СИТЕ

Воведување еколошки јавен превоз – електрични минибуси што ќе сообраќаат на релации меѓу селата и центарот на Општината. Дополнително, ќе се воведе дигитална апликација за следење на возниот ред во реално време.

Очекуван ефект: намалување на загадувањето, поевтин и достапен превоз за граѓаните, современ систем на мобилност.

**Рок:** 2026.

## ПРОЕКТ: ВЕЛОСИПЕДСКИ ПАТИШТА И ЗЕЛЕНИ КОРИДОРИ

Изградба на велосипедски патеки што ќе ги поврзат клучните делови на општината (училишта, јавни институции, центар, спортски терени). Ќе се засадуваат зелени појаси по должина на патеките и ќе се постави улично ЛЕД-осветлување за безбедност.

Очекуван ефект: промоција на здрав живот, намалување на употребата на автомобили, подобра животна средина.

**Рок:** 2027.

## ПРОЕКТ: УРБАНИ РЕКРЕАТИВНИ ЗОНИ

Претворање на запуштени површини во модерни јавни паркови, детски игралишта и зони за фитнес на отворено. Во секое село ќе се обезбеди најмалку едно рекреативно катче достапно за сите генерации.

Очекуван ефект: поквалитетен живот на граѓаните, здрави навики, социјална интеграција на младите и семејствата.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ПАМЕТНО УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ

Изработка на нови урбанистички планови што ќе ги следат принципите на одржливост и европски стандарди – енергетски ефикасни градби, зелени кровови, повеќе пешачки зони. Ќе се воспостави јавна дигитална база на урбанистички планови достапна за секој граѓанин.

Очекуван ефект: порамномерна и планска урбанизација, транспарентност во урбанизмот, подобра средина за живеење.

**Рок:** 2027.

## ПРОЕКТ: ЗЕЛЕНИ СТАНБЕНИ ЖИВЕАЛИШТА

Поддршка за изградба на нови домови според концептот „зелена архитектура" – енергетска ефикасност, соларни панели, системи за собирање дождовница и рециклирање на отпад.

Очекуван ефект: намалени трошоци за домаќинствата, модерни и здрави услови за живеење, европски изглед на општината.

**Рок:** 2028.

# ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА ЗА ПОДОБАР ЖИВОТЕН СТАНДАРД НА СИТЕ ГРАЃАНИ

## ➤ ПРОЕКТ: ИНДУСТРИСКА ЗОНА ПЕТИЛЕП – МОТОР НА РАЗВОЈОТ

Општината ќе продолжи со целосно уредување на индустриската зона „Петилеп". По завршувањето на водоводниот систем, следуваат изградба на пристапни патишта, електрификација и други неопходни инфраструктурни елементи. Веќе започнатите инвестиции се сигнал дека зоната станува препознатлива дестинација за нови компании.
Очекуван ефект: нови работни места, зголемена конкурентност, зајакнување на локалната економија и останување на младите во општината.
**Рок:** 2028.

## ➤ ПРОЕКТ: ПОТТИК ЗА НОВИ БИЗНИСИ И РАБОТНИ МЕСТА

Со цел привлекување инвеститори, Општината ќе воведе пакет олеснителни мерки – намалени давачки при уредување на градежно земјиште во зависност од висината на инвестицијата, бројот на вработени и почитувањето на еколошките стандарди.
Очекуван ефект: олеснет почеток на работење за компаниите, нови вработувања и зголемен економски раст.
**Рок:** континуирано.

## ➤ ПРОЕКТ: МОГИЛЦИ ВО ДИЈАСПОРАТА – ИНВЕСТИТОРИ ДОМА

Општината ќе воспостави програми за вклучување на дијаспората во локалниот економски развој. Ќе се стимулираат вложувања во бизниси, инфраструктура и јавни проекти.
Очекуван ефект: насочување на искуството, капиталот и знаењата на дијаспората кон локалниот развој, отворање нови можности и работни места.
**Рок:** континуирано.

## ➤ ПРОЕКТ: МЛАДИНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО

Општината ќе вложува во програми за едукација и професионално насочување на младите, со цел поттикнување на претприемничкиот дух. Ќе се создадат услови за самовработување и поддршка на младински стартапи.
Очекуван ефект: зголемена активност на младите во економскиот живот на општината и задржување на младите во своите средини.
**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: МАНИФЕСТАЦИЈА ВЕШТА ЖЕНА

Организација на настани за поддршка на женското претприемништво, со цел афирмација на нови деловни идеи и развој на претприемнички вештини кај жените.

Очекуван ефект: поголема економска активност на жените, нови мали бизниси и рамноправно учество во локалната економија.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ВОЛОНТЕРИЗАМ И МЛАДИНСКИ АКТИВИЗАМ

Формирање на младински волонтерски клуб, кој ќе учествува во локални акции и активности за заедницата.

Очекуван ефект: развој на лидерски вештини кај младите, зголемена солидарност и активно учество во локалниот развој.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ

Општината ќе работи на подобрување на туристичката понуда преку организирање културни и туристички настани, екскурзии до цркви и манастири и промоција на локалното наследство.

Очекуван ефект: зголемена туристичка атрактивност на Могила, развој на дополнителни бизниси и нови вработувања во туристичкиот сектор.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ПРЕРАБОТУВАЧКИ КАПАЦИТЕТИ

Создавање поволности за инвеститорите што ќе отворат преработувачки капацитети за земјоделски и прехранбени производи.

Очекуван ефект: зголемена додадена вредност на локалното производство, подобар пласман на пазарот и нови вработувања.

**Рок:** 2027.

## ПРОЕКТ: ЗЕЛЕН ПОКРИЕН ЛОКАЛЕН ПАЗАР

Изградба на зелен пазар каде што локалните производители ќе можат директно да ги пласираат своите производи.

Очекуван ефект: поддршка на локалното земјоделство, стимулирање на претприемништвото и обезбедување свежа и квалитетна храна за граѓаните.

**Рок:** 2026.

## ПРОЕКТ: ЛОКАЛЕН ИНОВАЦИСКИ ФОНД „МЛАДИ СО ИДЕИ“

- Општината ќе формира специјален фонд што ќе обезбедува грантови и менторска поддршка за млади претприемачи, ученици и студенти кои имаат иновативни деловни идеи. Секој апликант ќе може да добие финансиска поддршка за стартап бизнис, а дополнително ќе бидат организирани обуки за водење сметководство, маркетинг и дигитална продажба. Фондот ќе работи во партнерство со стопанските комори и невладини организации.
- Очекуван ефект: отворање нови мали компании, задржување на младите во општината, развој на економија заснована на знаење.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: БИЗНИС ИНКУБАТОР „МОЈ БИЗНИС, МОЈА ОПШТИНА“

- Општината ќе обезбеди објект со канцелариски простор, Интернет, правна и сметководствена помош за новоформирани фирми. Инкубаторот ќе функционира како „едношалтерски систем“, каде што секој претприемач може да добие ментор, деловни контакти и пристап до инвеститори.
- Очекуван ефект: создавање средина во која бизнисите лесно растат, намалување на административните бариери, намалување на невработеноста.
- **Рок:** 2026.

## ПРОЕКТ: ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА НА ИНВЕСТИЦИИ

- Ќе се изработи стратегиски документ со анализа на потенцијалите на општината (земјоделство, туризам, индустрија, зелена енергија). Општината ќе создаде промотивни материјали на повеќе јазици и ќе организира „Инвестициски денови“, на кои ќе се презентираат можностите пред странски и домашни инвеститори. Паралелно ќе се работи на создавање индустриски зони со подготвена инфраструктура.
- Очекуван ефект: привлекување инвестиции, отворање нови работни места, подобрена инфраструктура.
- **Рок:** 2026.

## ПРОЕКТ: ЗАНАЕТЧИСКИ САЕМ „РАБОТНИ РАЦЕ – СИЛНА ОПШТИНА“

- Општината ќе воведе програма за поддршка на занаетчиите преку субвенции за алати и опрема, како и годишен саем каде што ќе можат да ги изложуваат своите производи. Ќе се воспостави и онлајн платформа за промоција и продажба на занаетчиски производи, со можност за извоз на странски пазари.
- Очекуван ефект: заживување на традиционалните занаети, зголемување на локалната економија, промоција на културното наследство преку занаетчиство.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ОБУКИ ЗА АГРОБИЗНИС

Во Општината ќе се воспостави програма за обука и менторство на земјоделци и мали производители за користење на модерни технологии во земјоделството, органско производство и дигитална продажба. Академијата ќе работи со експерти од земјата и странство и ќе обезбеди поврзување со пазарите.

Очекуван ефект: модернизирање на земјоделството, зголемени приходи за производителите, извоз на локални производи.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: „ЗЕЛЕНА РАБОТИЛНИЦА“ ЗА ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

Формирање локален центар каде што младите инженери, занаетчии и претприемачи ќе можат да развиваат мали проекти за соларна енергија, биогас и енергетска ефикасност. Општината ќе дава субвенции за најдобрите идеи и ќе им помогне за нивна комерцијализација.

Очекуван ефект: нови „зелени“ работни места, намалување на енергетската зависност, еколошки развој.

**Рок:** 2027.

## ПРОЕКТ: БАЗАР НА ЛОКАЛНИ ПРОИЗВОДИ

Општината ќе организира месечни базари за промоција и продажба на локални земјоделски, занаетчиски и гастрономски производи. На базарите ќе учествуваат и локални ресторани, угостители и винари, со можност за вмрежување и нови деловни договори.

Очекуван ефект: директна заработка за локалните производители, јакнење на брендот на општината, туристичка атракција.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ДИГИТАЛЕН ЦЕНТАР (DIGITAL HUB) – ОПШТИНА НА ИДНИНАТА

Формирање на дигитален центар во кој ќе се собираат стартапи и ученици/студенти што работат на дигитални решенија. Центарот ќе обезбеди простор за соработка заедничко работење (coworking) , брз Интернет, ментори и пристап до фондови.

Очекуван ефект: развој на локална дигитална економија, задржување на младиот Итк адар, интернационализација на стартапите.

**Рок:** 2026.

## ПРОЕКТ: ЖЕНИ ВО БИЗНИСОТ

Општината ќе обезбеди поддршка за женско претприемништво преку обуки, грантови и олеснет пристап до кредити за мали семејни фирми и домашни бизниси. Ќе се

организираат специјални програми за поврзување на жените со поголеми компании и пазари.

Очекуван ефект: економско зајакнување на жените, отворање нови работни места, намалување на невработеноста.

**Рок:** континуирано.

## ➤ ПРОЕКТ: СЕЛО СО БИЗНИС

Општината ќе отвори програма за поддршка на претприемачки иницијативи во руралните средини (мали фарми, агротуризам, локални пекарници, мали фабрики за преработка на храна). Поддршката ќе биде во форма на грантови и техничка помош.

Очекуван ефект: развој на руралните средини, намалување на иселувањето, нови извори на приходи.

**Рок:** континуирано.


Lorem ipsum dolor sit amet

# ДИГИТАЛИЗАЦИЈА – ПАМЕТЕН ГРАД (SMART CITY)

## ➤ ПРОЕКТ: „МОЈАТА МОГИЛА“ – МОБИЛНА АПЛИКАЦИЈА ЗА ГРАЃАНИТЕ

Изработка на мобилна апликација „Мојата Могила“ преку која граѓаните ќе можат да добиваат известувања, да пријавуваат проблеми, да следат услуги и да добиваат аларми за важни информации (прекин на вода, струја, патни ограничувања, јавни настани).

Очекуван ефект: побрза и директна комуникација помеѓу општината и граѓаните, поефикасно решавање на проблемите и зголемена доверба во институциите.

**Рок:** 2026.

## ➤ ПРОЕКТ: ОНЛАЈН КОНСУЛТАЦИИ СО ГРАЃАНИТЕ

Воспоставување дигитална платформа за предлози, анкети и јавни расправи, преку која граѓаните ќе можат активно да учествуваат во одлучувањето и во креирањето на Буџетот.

Очекуван ефект: поголема транспарентност, директно вклучување на жителите во процесот на одлучување и зајакнување на демократските практики.

**Рок:** 2026.

## ➤ ПРОЕКТ: АГРАРЕН Е-ПОРТАЛ ЗА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ

Формирање електронски портал со информации за субвенции, конкурси, јавни повици и совети за земјоделците.

Очекуван ефект: олеснет пристап до информации и поголема искористеност на мерките за поддршка на земјоделството.

**Рок:** 2027.

## ➤ ПРОЕКТ: Е-ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ОПШТИНАТА

Развивање систем за јавен увид во Буџетот на Општината, тековните и идните проекти, како и извештаи за активностите по села.

Очекуван ефект: зголемена отчетност и доверба кај граѓаните, подобра контрола врз трошењето на јавните средства.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ЕЛЕКТРОНСКА НАПЛАТА НА ДАНОЦИ И КОМУНАЛИИ

Воведување електронски систем за плаќање на локалните даноци и комуналните сметки.

Очекуван ефект: поедноставени процедури за граѓаните, намалување на административниот товар и зголемување на наплатата.

**Рок:** 2026.

## ПРОЕКТ: БЕЗЖИЧЕН ИНТЕРНЕТ (WI-FI) ЗА СЕКОГО

Општината ќе воспостави мрежа на бесплатни јавни точки со безжичен Интернет (Wi-Fi) на клучни локации: плоштади, училишта, паркови, спортски терени и јавни институции. Со тоа ќе се обезбеди пристап до Интернет за сите граѓани, особено за младите и за учениците што немаат постојан Интернет дома.

Очекуван ефект: дигитална еднаквост, подобрени услови за учење и информирање, поголема транспарентност и поврзаност на граѓаните.

**Рок:** 2026.

## ПРОЕКТ: ОПТИКА ДО СЕКОЈ ДОМ

Во соработка со телекомуникациските оператори, Општината ќе иницира проширување на оптичката мрежа до сите населени места. Инфраструктурата ќе биде планирана така што ќе обезбеди стабилен интернет, подготвен за дигитална економија и образовни потреби.

Очекуван ефект: еднаков пристап до брз Интернет за сите граѓани, зголемена конкурентност на локалните компании, привлекување на нови инвеститори.

**Рок:** 2027.

## ПРОЕКТ: ОТВОРЕНИ ПОДАТОЦИ – ТРАНСПАРЕНТНА ОПШТИНА

Воспоставување на отворен податочен систем (open data system) каде што сите општински податоци (буџет, јавни набавки, трошоци, урбанистички планови) ќе бидат јавно достапни преку онлајн-платформа. Секој граѓанин ќе може лесно да провери каде се трошат парите и како се донесуваат одлуките.

Очекуван ефект: поголема доверба во општинската администрација, учество на граѓаните во креирањето политики.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ТВОЈ ДОКУМЕНТ – НАША РАБОТА

Воведување дигитална платформа за општински услуги, со можност граѓаните да аплицираат за документи (изводи, дозволи, уверенија) од дома без чекање. Администрацијата ќе има обврска да ги издаде документите во точно дефиниран рок, а граѓанинот ќе може да го следи статусот онлајн.

Очекуван ефект: заштеда на време и трошоци за граѓаните, ефикасна администрација, поголема транспарентност.

**Рок:** 2026.

## ПРОЕКТ: ТИ СИ ДЕЛ ОД ПРОЦЕСОТ

Создавање дигитална платформа за вклучување на граѓаните во донесување одлуки: онлајн анкети, јавни консултации, предлагање идеи и гласање за локални приоритети. Платформата ќе биде достапна и преку мобилна апликација.

Очекуван ефект: активно граѓанско учество, донесување политики според реалните потреби, развој на демократска култура.

**Рок:** континуирано.



# МОДЕРНО И СОВРЕМЕНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ МЛАДИ

## ПРОЕКТ: РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЧИЛИШТА И ОБЈЕКТИ

Ќе се изврши реконструкција и енергетска санација на училиштата во Могила, Мусинци, Трновци и во Дедебалци, со оградување на дворовите и поставување термофасада. Во Могила ќе се изврши партерно уредување на училишниот комплекс со бекатон, осветлување и зеленило.

Очекуван ефект: подобрени услови за учениците и наставниците, поголема енергетска ефикасност и сигурност.

**Рок:** 2027.

## ПРОЕКТ: ФОТОВОЛТАИЦИ И ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

Поставување на фотоволтаици на покривите на ОУ „Кочо Рацин" – Ивањевци, ОУ „Браќа Миладиновци" – Добрушево и на спортската сала „Иљо Лопатички" во Могила, со затоплување и професионална вентилација.

Очекуван ефект: заштеда на енергија, намалени трошоци и зелена општина.

**Рок:** 2026.

## ПРОЕКТ: ЕДУКАТИВЕН ЦЕНТАР ВО МОГИЛА

Во мултинаменскиот објект во центарот на Могила ќе се отвори едукативен центар за дополнителна настава по математика, англиски, германски јазик и други предмети според потребите на учениците и родителите. Центарот ќе има и логопедски кабинет, како и ново работно место дефектолог за учениците.

Очекуван ефект: дополнителна поддршка за учениците, посебна грижа за децата и зголемена едукациска понуда за родителите.

**Рок:** 2026.

## ПРОЕКТ: НАГРАДИ ЗА НАЈДОБРИТЕ УЧЕНИЦИ

Учениците првенци на генерација ќе добиваат парични ваучери кои свечено ќе им бидат доделувани на Денот на Општина Могила – 12 септември.

Очекуван ефект: мотивација кај учениците, поддршка на талентите и создавање култура на успех.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: БЕСПЛАТЕН ОБРОК И УНИФОРМИ ЗА СИТЕ УЧЕНИЦИ

Ќе се воведе проект за бесплатен оброк за учениците, спроведуван етапно – од првиот развоен период до целосна покриеност во третата година. Паралелно ќе се обезбедат бесплатни униформи за сите ученици.

Очекуван ефект: подобрени услови за учење, еднаквост меѓу учениците и поголема поддршка за семејствата.

**Рок:** 2027.

## ПРОЕКТ: ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ПРВАЧИЊА И СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ ДЕЦА

Општината ќе ја зголемува финансиската поддршка за првачиња секоја година. Поддршка ќе добиваат и децата од социјално загрозени семејства и децата со попреченост. Ќе се обезбедува и училиштен прибор за децата од Центрите за ран детски развој во Могила, Добрушево, Долно Српци и Ивањевци.

Очекуван ефект: олеснување на семејните трошоци, еднакви шанси за секое дете.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ТАБЛЕТИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД IV ОДДЕЛЕНИЕ

Секој ученик од IV одделение во целата општина ќе добие бесплатен таблет за училишни потреби.

Очекуван ефект: воведување на дигитални алатки во наставата, зголемена дигитална писменост кај учениците.

**Рок:** 2026.

## ПРОЕКТ: МОДЕРНИЗАЦИЈА НА КАБИНЕТИ

Осовременување и опремување на кабинетите во училиштата за подобри услови за практична и лабораториска настава.

Очекуван ефект: современи знаења и вештини за учениците, поголема подготвеност за пазарот на труд.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ОБУКИ ЗА НАСТАВНИЦИ

Организација на бесплатни обуки за наставниците во соработка со акредитирани едукативни центри.

Очекуван ефект: мотивирани и компетентни наставници, повисок квалитет на наставата, подготвеност за современи предизвици.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ЕДНОКРАТНА СТИПЕНДИЈА ЗА СТУДЕНТИ

Доделување на еднократна стипендија за секој студент во прва година кој завршил средно со одличен успех и се запишува на државен факултет.

Очекуван ефект: поддршка на високото образование, поттик за младите да останат во земјата и да продолжат со студии.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: УЧИЛИШТЕ ПО ЕВРОПСКИ СТАНДАРДИ

Модернизација на сите основни училишта со нова опрема, паметни табли, лаборатории за природни науки и информатика. Општината ќе обезбеди редовно одржување и енергетска ефикасност на објектите.

Очекуван ефект: поквалитетно образование, подобрени услови за учење, конкурентност со европските стандарди.

**Рок:** 2027.

## ПРОЕКТ: СТИПЕНДИИ ЗА СОЦИЈАЛНА ЕДНАКВОСТ

Формирање општински фонд за стипендии за ученици и студенти од социјално загрозени семејства, како и за талентирани ученици во науката, уметноста и во спортот.

Очекуван ефект: еднаков пристап до образование за сите, поддршка за најсиромашните, развој на талентите.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: УЧИЛИШТЕ СО СРЦЕ

Воведување психолошка поддршка и советувалишта во училиштата, со тимови што ќе работат со учениците на теми како ментално здравје, превенција од насилство и дигитална безбедност.

Очекуван ефект: безбедна и здрава средина за децата, превенција на негативни појави, поддршка за родители и наставници.

**Рок:** 2026.

## ПРОЕКТ: УЧИЛИШТЕН ДВОР КАКО РЕКРЕАТИВЕН ПАРК

Реконструкција на училишните дворови со модерни игралишта, спортски терени и зелени површини, достапни и за граѓаните во попладневните часови.

Очекуван ефект: повеќе простор за спорт и рекреација, поголема социјална поврзаност во заедницата.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: УЧИЛИШНА КУЈНА СО ЗДРАВА ХРАНА

Воведување модерни училишни кујни и програма за здрава исхрана. Ќе се користат локални производи за да се поттикне домашното земјоделство.

Очекуван ефект: подобрено здравје на децата, едукација за здрави навики, поттик за локалните земјоделци.

**Рок:** 2029.

## ПРОЕКТ: УЧИЛИШНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Секое училиште ќе има своја веб-платформа со објавени наставни програми, активности, финансиски извештаи и комуникација со родителите.

Очекуван ефект: транспарентност во работењето на училиштата, поголема доверба на родителите, активно учество на заедницата.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНИ УЧИЛИШТА

Реконструкција на општинските училишта со замена на старата столарија, поставување термоизолација, соларни панели и ЛЕД-осветлување. Општината ќе користи европски фондови и јавни повици за финансирање. Очекуван ефект: намалени трошоци за енергија, подобра еколошка свест кај учениците, подобрени услови за учење.

**Рок:** 2029.

## ПРОЕКТ: ОПШТИНСКИ ФОНД ЗА ОБРАЗОВНИ ПРОЕКТИ

Општината ќе отвори фонд, на кој училиштата ќе можат да аплицираат со свои мали проекти – на пример, опремување училници, спортски активности, културни манифестации или дигитални иновации. Средствата ќе се распределуваат транспарентно преку јавни повици.

Очекуван ефект: зголемена иницијативност кај училиштата, подобрени образовни услови според реалните потреби на учениците.

**Рок:** континуирано.

# ЕВРОПА ВО МОЈАТА ОПШТИНА

## ПРОЕКТ: ЕУ ИНФО ЦЕНТАР ВО МОЈАТА ОПШТИНА

Формирање на локален информативен центар за ЕУ, кој ќе обезбедува информации за европските програми, фондови и можности за финансирање. Центарот ќе биде отворен за граѓани, компании, училишта и за невладини организации.

Очекуван ефект: подобрена информираност на граѓаните, зголемен број апликации за фондови на ЕУ , поголема интеграција на општината со европските текови.

**Рок:** 2026.

## ПРОЕКТ: ОПШТИНА СО ЕВРОПСКИ ВРЕДНОСТИ

Воведување европски практики во работата на општинската администрација – транспарентност, отчетност, јавни консултации и учество на граѓаните во креирање политики. Ќе се применуваат европски кодекси за добро управување.

Очекуван ефект: поефикасна и транспарентна администрација, поголема доверба на граѓаните во институциите.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА

Општината ќе поддржува локални невладини организации со мали грантови и обуки за подготовка на европски проекти. Ќе се организираат работилници за пишување апликации за Erasmus+, Horizon и други програми на ЕУ .

Очекуван ефект: јакнење на граѓанскиот сектор, зголемен број на успешни проекти од ЕУ, директни придобивки за младите и за граѓаните.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ПАРТНЕРСТВО СО ОПШТИНИ ОД ЕУ

Општината ќе воспостави пријателства и партнерства со општини од земјите членки на ЕУ преку т.н. „twinning“ програми. Ќе се реализираат заеднички проекти во областа на културата, туризмот, образованието и на животната средина.

Очекуван ефект: размена на искуства, модерни практики во локалното управување, нови можности за граѓаните (ученички размени, културни настани, заеднички европски проекти).

**Рок:** 2027.

## ПРОЕКТ: ЕВРОПСКИ ДЕНОВИ ВО МОЈАТА ОПШТИНА

Организација на годишна манифестација со културни, едукативни и спортски настани посветени на европските вредности – работилници за младите, проекции на европски филмови, изложби и дебати со амбасадори и европски експерти.

Очекуван ефект: приближување на европските вредности до граѓаните, зголемена свест за европската перспектива, позитивна енергија во заедницата.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ОПШТИНА КАНДИДАТ ЗА ФОНДОВИ НА ЕУ

Создавање на специјализирана општинска канцеларија која ќе подготвува и аплицира со проекти директно до европските фондови (за инфраструктура, енергетика, култура, образование).

Очекуван ефект: дополнителни средства во буџетот, нови проекти без дополнителен товар за граѓаните, европеизација на локалниот развој.

**Рок:** 2026.



# ЗАШТИТА ОД КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

## ПРОЕКТ: ОДРЖУВАЊЕ И ЧИСТЕЊЕ НА УЛИЦИТЕ

Комуналното претпријатие „Пела Хигиена" ќе врши редовно чистење и одржување на улиците, отстранување на гранки и зеленило за зголемена безбедност и подобра видливост во сообраќајот.

Очекуван ефект: чиста и уредена средина, побезбедно движење за граѓаните и современ урбан изглед.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: СУБВЕНЦИИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

Обезбедување субвенции за граѓаните за соларни панели, енергетски ефикасни клима-уреди и реновирање фасади со термоизолација.

Очекуван ефект: намалена потрошувачка на енергија, пониски трошоци за домаќинствата и еколошки одржлива средина.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ЈАВНИ ТОАЛЕТИ

Изградба и одржување на јавни тоалети во Могила, Добрушево и на други локации со поголема фреквенција на луѓе.

Очекуван ефект: подобрување на хигиенските услови и создавање современа општина погодна за жителите и посетителите.

**Рок:** 2027.

## ПРОЕКТ: СИСТЕМ ЗА СЕЛЕКЦИЈА И РЕЦИКЛИРАЊЕ НА ОТПАД

Воведување на системи за селекција и рециклирање на отпадот, редовни акции за чистење и подигање на еколошката свест кај граѓаните.

Очекуван ефект: намалување на загадувањето, чиста и здрава животна средина.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ОДРЖУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ

Уредување и редовно одржување на паркови и зеленила, пошумување и садење дрвореди. Ќе се изврши и партерно уредување на училишниот двор во ОУ „Гоце Делчев" и на дворот на детската градинка.

Очекуван ефект: повеќе зелени простори за рекреација, подобар квалитет на возду-

хот и естетски поубава општина.

**Рок:** континуирано.

## ➤ ПРОЕКТ: ЧИСТЕЊЕ НА ДИВИ ДЕПОНИИ И КАНАЛИ

Отстранување на дивите депонии низ општината и чистење на одводните канали во соработка со „Водостопанство – Битолско Поле“.

Очекуван ефект: подобрена хигиена, намалување на ризикот од поплави и заштита на природата.

**Рок:** континуирано.

## ➤ ПРОЕКТ: ВРАБОТУВАЊЕ СО СОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА

Ангажирање на лица од социјални категории и домаќинства со ниски примања за одржување на јавните простори.

Очекуван ефект: чиста општина и социјална инклузија преку обезбедување работа за ранливите категории.

**Рок:** континуирано.

## ➤ ПРОЕКТ: ОПРЕМА ЗА КОМУНАЛНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

Набавка на трактор, мулчер, поткаструвач на гранки, канти и контејнери за подобро управување со отпадот и уредување на зелените површини.

Очекуван ефект: поефикасна работа на комуналните служби, уредена општина и квалитетна услуга за граѓаните.

**Рок:** 2026.

## ➤ ПРОЕКТ: ЦИРКУЛАРНА ЕКОНОМИЈА – ВТОР ЖИВОТ НА МАТЕРИЈАЛИТЕ

Формирање општинска програма за повторна употреба на материјали: дрвото, металот, текстилот и пластиката од јавните установи ќе се собираат и повторно ќе се користат. Ќе се промовираат локални работилници за поправка и реупотреба.

Очекуван ефект: рационално користење на ресурси, намалување на отпадот, заштеда на буџетски средства.

**Рок:** континуирано.

## ➤ ПРОЕКТ: 100% ЈАВНО ЛЕД-ОСВЕТЛУВАЊЕ

Замена на целото јавно осветлување со енергетски ефикасни ЛЕД-светилки, со можност за паметно управување (автоматска регулација според проток на луѓе и возила).

Очекуван ефект: значително намалени трошоци за електрична енергија, подобра видливост и безбедност во селата, придонес кон зелена енергија.

**Рок:** 2027.



# МОДЕРЕН И АТРАКТИВЕН ЛОКАЛЕН ТУРИЗАМ

## ПРОЕКТ: ДУХОВНИ И КУЛТУРНИ СИМБОЛИ

Поставување на крст на кружниот тек во центарот на Могила, како и изградба и осветлување на крстови на централни локации во населените места.

Очекуван ефект: зачувување на духовниот и културниот идентитет, промоција на вредностите и традициите на заедницата.

**Рок:** 2026.

## ПРОЕКТ: ИЗЛЕТНИЧКИ МЕСТА И КЕЈ НА ШЕМНИЦА

Уредување на дел од кејот и речното корито на Шемница, со изградба на излетничко место опремено со клупи и маси за одмор и рекреација.

Очекуван ефект: создавање нова туристичка атракција, повеќе можности за рекреација и дружење за жителите и посетителите.

**Рок:** 2027.

## ПРОЕКТ: ТАБЛИ И ПАТОКАЗИ ДО ЦРКВИ И МАНАСТИРИ

Инсталација на информативни табли и патокази кон верските локалитети во општината.

Очекуван ефект: полесна ориентација за туристите, подобра промоција на духовното и културното наследство.

**Рок:** 2026.

## ПРОЕКТ: ЕТНО-СЕЛО – НОВА ТУРИСТИЧКА АТРАКЦИЈА

Изградба на туристички комплекс „Етно-село“ преку јавна промоција и привлекување инвеститор. Комплексот ќе овозможи презентација на локалната традиција, култура и гастрономија.

Очекуван ефект: нови работни места, економски развој и зајакнување на локалната туристичка понуда.

**Рок:** 2028.

## ПРОЕКТ: ЛОКАЛНИ ФЕСТИВАЛИ И КУЛТУРНИ НАСТАНИ

Организација на годишни фестивали за традиционална музика, ракотворби и локални производи.

Очекуван ефект: зачувување и промоција на културното наследство, привлекување туристи и економска активност за локалните производители.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ГАСТРОНОМСКА ПОНУДА НА МОГИЛА

Поддршка за локалните ресторани и кафеани да понудат традиционални јадења и производи како дел од туристичката атракција.

Очекуван ефект: промоција на локалната гастрономија, развој на малите бизниси и збогатување на туристичкото искуство.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ПРИРОДНО-РЕКРЕАТИВНИ ЗОНИ

Уредување на излетнички и рекреативни зони покрај реки, со клупи, маси, патеки за пешачење и простори за огништа.

Очекуван ефект: поголема атрактивност на општината за посетители и подобри услови за рекреација на жителите.

**Рок:** 2027.

## ПРОЕКТ: ОПШТИНСКО ТУРИСТИЧКО БИРО – ДОБРЕ ДОЈДОВТЕ ВО МОЈАТА ОПШТИНА

Формирање на локално туристичко биро што ќе нуди информации за сите туристички атракции, сместувања, ресторани и културни настани. Бирото ќе работи и како контакт-точка за домашни и за странски туристи.

Очекуван ефект: подобра промоција на Општината, зголемен број на туристи, нови можности за локалните бизниси.

**Рок:** 2026.

## ПРОЕКТ: Е-МАПА – ТУРИСТИЧКА АПЛИКАЦИЈА

Развој на мобилна апликација со интерактивна мапа на туристички атракции: културни споменици, природни убавини, ресторани, локални производи. Апликацијата ќе има можност за виртуелни тури и повеќејазична поддршка.

Очекуван ефект: дигитална достапност на туристичките содржини, полесно планирање на посети, подобро искуство за туристите.

**Рок:** 2027.

## ПРОЕКТ: ЕКО-ТУРИЗАМ – ПАТЕКИ И АВАНТУРИ

Означување и уредување на планинарски и велосипедски патеки, изградба на видиковци и информативни табли за природните убавини. Ќе се развијат програми за водичи и туристички аранжмани со акцент на авантуристичкиот туризам.

Очекуван ефект: зголемен број на посетители, развој на активниот туризам, зачувување на природата.

**Рок:** 2027.

## ПРОЕКТ: СМЕСТУВАЊЕ ВО СЕМЕЈНИ ДОМАЌИНСТВА

Општината ќе поддржува семејства што сакаат да развијат мал туристички бизнис преку адаптација на сопствени домови за издавање соби или апартмани. Ќе се обезбедат субвенции и едукативни програми.

Очекуван ефект: дополнителни приходи за семејствата, зголемување на сместувачките капацитети, поттикнување на семеен туризам.

**Рок:** континуирано.



# СПОРТ И КУЛТУРА

## ПРОЕКТ: ФЕСТИВАЛ НА ДУЕТИ „КОНСТАНТИН И ЕЛЕНА“

Финансиска поддршка за Фестивалот на дуети „Константин и Елена“ – единствен од ваков тип во Македонија.

Очекуван ефект: афирмација на музичката уметност, препознатливост на Могила како центар на уникатна културна манифестација.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ФЕСТИВАЛ НА ПЕЈАЧИ АМАТЕРИ – ДОБРУШЕВО

Поддршка на Фестивалот на пејачи аматери во Добрушево, со цел промоција на локални таленти и зачувување на музичката традиција.

Очекуван ефект: развој на музичката култура, поддршка за младите таленти и збогатување на културниот живот во општината.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: МЕЃУГЕНЕРАЦИСКИ СПОЈ

Финансиска и логистичка поддршка за културната манифестација „Меѓугенерациски спој“ што се одржува на плоштадот во Могила.

Очекуван ефект: поврзување на генерациите, зајакнување на заедништвото и промоција на локалната култура.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ЦРКОВНИ СОБИРИ ВО ОПШТИНА МОГИЛА

Финансиска поддршка за организирање и одржување на црковни собири во сите населени места.

Очекуван ефект: зачувување на духовната традиција, поттикнување на културниот и верскиот живот.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: НОВОГОДИШНА ПРОГРАМА И ПАКЕТЧИЊА ЗА ДЕЦАТА

Организација на богата новогодишна програма од Општината и обезбедување бесплатни новогодишни пакетчиња за сите деца од претшколска возраст и од основно образование.

Очекуван ефект: радост и вклученост на најмладите, развивање на празнична традиција и заедништво.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ФОЛКЛОРНИ ДРУШТВА И ЗДРУЖЕНИЈА

Финансиска поддршка за фолклорните друштва и здруженија во кои учествуваат деца и млади од општината, кои го негуваат македонскиот народен фолклор.

Очекуван ефект: зачувување на традицијата, културниот идентитет и меѓународна промоција преку настапи.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ИЗЛОЖБЕН ПРОСТОР ЗА АРХЕОЛОШКИ И ЕТНОЛОШКИ ЕКСПОНАТИ

Отворање на постојан изложбен простор за археолошки и етнолошки експонати од територијата на Општина Могила.

Очекуван ефект: промоција на културното наследство, развој на образовни програми и нови туристички содржини.

**Рок:** 2027.

## ПРОЕКТ: СПОРТСКА САЛА ВО ИВАЊЕВЦИ

Изградба на нова спортска сала во дворот на ОУ „Кочо Рацин" во село Ивањевци. Проектот е веќе одобрен и ќе овозможи современи услови за настава по физичко образование и вонnаставни активности.

Очекуван ефект: подобрени услови за учениците и младите, поттикнување на спортскиот дух.

**Рок:** 2026.

## ПРОЕКТ: ПОВЕЌЕНАМЕНСКИ ИГРАЛИШТА ВО СЕЛАТА

Изградба на ново повеќенаменско игралиште во село Мусинци, како и реконструкција на игралиштата во Дедебалци, Српци, Беранци, Ивањевци и Добрушево.

Очекуван ефект: обезбедување современи спортски и рекреативни содржини во секое село, поголема физичка активност кај младите.

**Рок:** 2028.

## ПРОЕКТ: ПОДДРШКА ЗА ФУДБАЛСКИТЕ КЛУБОВИ

Финансиска поддршка за изградба на соблекувални и помошни простории на спортските терени во Мусинци, Трновци, Беранци и Вашарејца, како и целосно покривање на трошоците за натпреварување на сите фудбалски клубови во општината.

Очекуван ефект: подобри услови за спортистите, развој на спортскиот живот и афирмација на локалните клубови.

**Рок:** континуирано.

### ПРОЕКТ: ТРАДИЦИОНАЛНИ СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ

Континуирана поддршка на турнирот во мал фудбал во Могила и финансиска помош за меѓународниот „Еден на Еден Могила Куп".

Очекуван ефект: збогатување на спортскиот живот, промоција на Могила како спортска дестинација и привлекување посетители.

**Рок:** континуирано.

### ПРОЕКТ: ВЕЛОСИПЕДСКА ПАТЕКА СО ИЗЛЕТНИЧКА ЗОНА

Изградба на современа велосипедска патека со енергетски ефикасно осветлување и уредено излетничко место кај реката Шемница.

Очекуван ефект: поттикнување активен и здрав начин на живот, намалување на загадувањето и нова туристичка атракција.

**Рок:** 2027.

### ПРОЕКТ: СУБВЕНЦИИ ЗА ВЕЛОСИПЕДИ

Воведување на мерка за субвенционирање при купување нови велосипеди.

Очекуван ефект: зголемена употреба на велосипедот како еколошко и економично превозно средство, подобро здравје и почист воздух.

**Рок:** континуирано.

### ПРОЕКТ: НОВИ СПОРТСКИ ТЕРЕНИ

Изградба на игралиште за тенис и одбојка во село Могила, како и редовно одржување на постојните фудбалски игралишта во сите населени места.

Очекуван ефект: поголем избор на спортски активности и подобри услови за младите и спортските клубови.

**Рок:** континуирано.

### ПРОЕКТ: НОВА МАНИФЕСТАЦИЈА „ТРЧАЈ МОГИЛА"

Организација на спортска трка „Трчај Могила", секоја година во септември, со учество на ученици од сите училишта.

Очекуван ефект: поттикнување спортски дух, другарство и здрави животни навики кај најмладите генерации.

**Рок:** континуирано.

### ПРОЕКТ: РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СТАДИОНОТ „ДИМЧЕ САРАВАНОВ – МОГИЛЧЕТО""

Целосна реконструкција и доградба на стадионот: нови трибини, соблекувални, современо осветлување, паркинг и уредување на зелената површина.

Очекуван ефект: стадион по современи стандарди, афирмација на спортот и можност

за организирање поголеми натпревари.

**Рок:** 2028.

## ПРОЕКТ: МОДЕРНИЗАЦИЈА НА СПОРТСКАТА САЛА „ИЉО ЛОПАТИЧКИ“

Поставување систем за затоплување и вентилација, поставување соларни панели и доградба на теретана во рамки на салата.

Очекуван ефект: подобри услови за спортистите и за учениците, промоција на спортот и здравите навики.

**Рок:** 2027.

## ПРОЕКТ: КУЛТУРЕН КАЛЕНДАР НА МОЈАТА ОПШТИНА

Воспоставување годишен календар на културни настани: фестивали, црковни собири, одбележување на патрони празници. Општината ќе ги поддржува локалните културни друштва и уметници. Очекуван ефект: збогатување на културниот живот, привлечност за туристи, зачувување на традицијата.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ЗАШТИТА И ПРОМОЦИЈА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Општината ќе инвестира во заштита и промоција на локалните историски споменици, традиционални куќи и обичаи. Ќе се создаде дигитален каталог со информации и фотографии, достапен за туристи. Очекуван ефект: зачувување на културното наследство, промоција на општината како културна дестинација, економски бенефит преку културен туризам.

**Рок:** 2027.

## ПРОЕКТ: ФЕСТИВАЛ НА МЛАДИ УМЕТНИЦИ

Годишен фестивал за промоција на млади таленти од општината – музичари, сликари, писатели. Настанот ќе биде во соработка со училиштата и со локалните здруженија.

Очекуван ефект: поттикнување на младите да се изразуваат креативно, развој на културна сцена, подобрување на имиџот на општината.

**Рок:** континуирано.



# СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

## ПРОЕКТ: ПРВА ГРАДИНКА ВО МОГИЛА

Изградба и опремување на првата градинка во општината со капацитет од 40 деца. Проектот ќе обезбеди современа грижа за најмладите и нови работни места за воспитувачи, негователи и технички персонал.

Очекуван ефект: олеснување на младите семејства, подобра социјална инфраструктура и зајакнување на економскиот живот.

**Рок:** 2026.

## ПРОЕКТ: АДАПТАЦИЈА НА ОБЈЕКТИ ЗА ГРАДИНКИ

Пренамена на мултифункционалните објекти во Ивањевци и во Добрушево во градинки, како клонови на главната градинка во Могила.

Очекуван ефект: проширени можности за згрижување деца во повеќе населени места, поголема поддршка за родителите.

**Рок:** 2027.

## ПРОЕКТ: ЦЕНТРИ ЗА РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ

Функционирање на Центрите за ран детски развој во Могила, Добрушево и во Долно Српци, со обезбеден прибор и бесплатно згрижување на децата од 3 до 6 години.

Очекуван ефект: поддршка на ран детски развој, еднакви шанси за сите деца и олеснување на семејните трошоци.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: НЕГА ВО ДОМОТ

Обучени и лиценцирани лица ќе обезбедуваат здравствена и социјална поддршка за постари лица во нивните домови.

Очекуван ефект: достоинствен живот за постарите граѓани, поголема сигурност и хуманост во општината.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: МУЛТИФУНКЦИОНАЛЕН ОБЈЕКТ ВО ДОБРУШЕВО

Опремување на објектот во Добрушево што ќе служи како претшколска установа и пензионерски клуб.

Очекуван ефект: нов простор за најмладите и за највозрасните, можност за дружби, активности и социјализација.

**Рок:** 2026.

## ➤ ПРОЕКТ: ОПШТИНСКИ ФОНД ЗА ИТНА СОЦИЈАЛНА ПОМОШ

Формирање фонд за итна поддршка при болести, пожари, поплави и социјални кризи. Ќе се доделува еднократна финансиска помош, пакети со храна и хигиенски средства и огрев за најзагрозените.

Очекуван ефект: брза и ефикасна помош за граѓаните во итни случаи, поголема сигурност и доверба во општината.

**Рок:** континуирано.

## ➤ ПРОЕКТ: ПОДДРШКА ЗА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Програма за адаптација на јавни простори и институции за пристапност на лица во инвалидски колички и финансиска поддршка за семејствата што се грижат за лица со попреченост.

Очекуван ефект: поголема инклузија, достоинствен живот и еднакви можности за сите.

**Рок:** континуирано.

## ➤ ПРОЕКТ: ФИНАНСИСКА ПОМОШ ЗА НОВОРОДЕНЧИЊА

Еднократна финансиска поддршка: 10.000,00 денари за прво, 15.000,00 денари за второ и 30.000,00 денари за трето дете, со план за континуирано зголемување на износите.

Очекуван ефект: поддршка на младите семејства, подобрување на демографската слика.

**Рок:** континуирано.

## ➤ ПРОЕКТ: ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА МЛАДИ БРАЧНИ ПАРОВИ

Еднократна финансиска помош за новосклучени бракови, со постепено зголемување до 60.000,00 денари.

Очекуван ефект: стимулирање на младите да останат во општината, подобрување на демографските трендови.

**Рок:** континуирано.

## ➤ ПРОЕКТ: ДЕТСКИ КАТЧИЊА ВО СЕКОЕ СЕЛО

Изградба на детски катчиња опремени со лулашки, лизгалки и реквизити во сите населени места.

Очекуван ефект: подобрени услови за игра и развој на најмладите, поддршка на младите семејства.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ЗДРАВСТВЕНИ ПРОГРАМИ И ПРЕВЕНЦИЈА

Организација на едукативни предавања со доктори, бесплатни превентивни прегледи и крводарителски акции во соработка со Црвен крст и здравствени установи.

Очекуван ефект: подигната здравствена свест, рано откривање на болести и солидарност меѓу граѓаните.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ПОДДРШКА ЗА ЗАНАЕТЧИСТВО И БИЗНИС

Специјални грантови за женско претприемништво, бесплатни или субвенционирани курсеви и работилници, како и ослободување од комуналии за изградба на старски дом преку јавно-приватно партнерство.

Очекуван ефект: развој на малите бизниси, економска активност на жените и создавање современи услови за грижа за старите лица.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: МОЈАТА ОПШТИНА – СОЦИЈАЛЕН СЕРВИС

Формирање општинска служба за поддршка на ранливи категории граѓани: шалтерски систем за информации за права, документи и услуги. Ќе се воспостави и телефонска линија за пријава на социјални проблеми.

Очекуван ефект: полесен пристап до права и услуги, намалување на бирократијата, поголема доверба во институциите.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ЗДРАВСТВЕН ПУНКТ ВО СЕЛАТА

Отворање на мали здравствени пунктови во руралните средини со присуство на медицински тим еднаш или двапати месечно. Ќе се врши превентивна контрола и основни прегледи.

Очекуван ефект: пристап до здравствена услуга за сите граѓани, рано откривање на болести, намалување на здравствените нееднаквости.

**Рок:** 2026.

## ПРОЕКТ: МОБИЛЕН ТИМ ЗА СОЦИЈАЛНА ПОМОШ

Формирање мобилни екипи составени од социјални работници и здравствени асистенти што ќе ги посетуваат старите и болни лица во нивните домови.

Очекуван ефект: лична грижа за оние што не можат да дојдат до институциите, подобра социјална сигурност, хумано лице на општината.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ОПШТИНА БЕЗ БАРИЕРИ

Адаптација на јавните објекти и установи со пристапни рампи, лифтови и тактилни патеки за лица со инвалидитет.

Очекуван ефект: поголема инклузија на лицата со попреченост, еднакви можности за сите граѓани.

**Рок:** 2027.

## ПРОЕКТ: ОПШТИНСКИ ПРОГРАМИ ЗА МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ

Отворање советувалишта со психолози и психотерапевти, програми за поддршка на младите, жени жртви на семејно насилство и лица во социјален ризик.

Очекуван ефект: подобрено ментално здравје, намалување на насилството, зголемена социјална поддршка.

**Рок:** континуирано.



# ИДЕИ ОД ГРАЃАНИ

## ПРОЕКТ: УРЕДЕНА УЛИЦА – УБАВА ОПШТИНА

Граѓаните бараат уредување на локалните улици, тротоари и јавни површини. Проектот предвидува реконструкција на дотраени патишта, поставување нови тротоари со пристап за лица со попреченост, обележување на пешачки премини и поставување ново енергетско ефикасно улично осветлување. Дополнително, ќе се воведе систем за редовно одржување на улиците за да не се дозволи повторно нивно пропаѓање.

Очекуван ефект: безбедно движење за сите граѓани, урбана средина која потсетува на европски стандарди, поголема гордост на жителите за нивната општина.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ЗЕЛЕНА ОПШТИНА

Граѓаните предлагаат општината да вложува повеќе во озеленување и уредување на јавни површини. Проектот вклучува засадување нови дрвореди по улиците, реконструкција на постојните паркови и изградба на нови зелени оази. Ќе се постават клупи, жардинери и фонтани, а дел од парковите ќе бидат опремени и со фитнес-зони на отворено.

Очекуван ефект: почист воздух, поубава и поздрава средина за живеење, поголемо користење на јавните простори од страна на младите и семејствата.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ИГРАЛИШТЕ ЗА СЕКОЕ СЕЛО

Многу родители бараат општината да инвестира во нови и во модерни детски игралишта. Проектот предвидува изградба на најмалку едно игралиште во поголемите села, со современа опрема, безбедносни подлоги, огради и осветлување. Игралиштата ќе бидат простор и за социјализација на децата и за дружење на родителите.

Очекуван ефект: здрава и безбедна забава за децата, подобри услови за нивно физичко и психосоцијално развивање, задоволни родители и заедници.

**Рок:** 2026.

## ПРОЕКТ: ЧИСТА ОПШТИНА – МОЈА ГОРДОСТ

Граѓаните укажуваат дека чистотата и управувањето со отпад е еден од најважните предизвици. Проектот ќе вклучи поставување нови контејнери за селекција на отпад (пластика, стакло, хартија), редовен распоред за собирање смет, како и организирање заеднички акции за чистење со учество на ученици, спортски клубови и здруженија.

Очекуван ефект: почиста и поуредна општина, зголемена еколошка свест кај граѓани-

те, подобрена животна средина за сите.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: БЕЗБЕДНА ОПШТИНА

Граѓаните често бараат подобра безбедност на јавните места. Проектот предвидува поставување на видеонадзор на клучни локации (плоштади, училишта, паркови), замена на старото осветлување со ЛЕД-светилки и подобрување на пешачките премини со дополнителна сигнализација. Ќе се работи и на подобра координација со локалната полиција за превенција на сообраќајни несреќи и вандализам. Очекуван ефект: поголема сигурност за децата и за возрасните, намалување на криминалот и вандализмот, создавање чувство на безбедна заедница.

**Рок:** 2027.

## ПРОЕКТ: КУЛТУРЕН МОЗАИК

Граѓаните сакаат повеќе културни содржини достапни за сите. Проектот подразбира организација на летни концерти, театри на отворено, уметнички изложби и книжевни вечери во локалните културни домови или јавни простори. Општината ќе отвори и конкурси за поддршка на млади уметници и културни здруженија.

Очекуван ефект: побогат културен живот, поголема вклученост на младите во културата, развој на општината како културна дестинација.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: СПОРТ ЗА СИТЕ

Граѓаните предлагаат општината да организира редовни спортски турнири (фудбал, кошарка, одбојка) и бесплатни рекреативни активности за сите генерации – од часови за фитнес во паркови до планинарски акции и велосипедски тури.

Очекуван ефект: промоција на здрав живот, подобрување на заедништвото, развој на спортската култура.

**Рок:** континуирано.

ВМРО-ДПМНЕ